АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Извештај за финансиското работење и за остварувањето на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2023 година

Скопје, март 2024

## Извештај за финансиското работење

1. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2023 година**
   **Сметка 603 (буџетска)**
   Во однос на средствата за реализација на програмата 80,
   Приходи за: плати - реализирани 39.563.102 денари

Останатите трошоци на установата се прикажани во Образец бр. 4, 5 и 6 кои се доставени во прилог на двата извештаи за првата и за втората половина на 2023 година доставени до Министерството за култура. За проектите од Годишната програма за работа на установата, кои се реализирани, до Министерството за култура се испратени посебни наративни и финансиски извештаи за секој проект посебно.

2. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2023 година**
   **Сметка 787 (самофинансирачки активности)**
   Вкупен приход: 3.262.835 денари
   Вкупен расход: 3.115.421 денари
   Пренесени средства во 2024 година: 846.824 денари
   Обврски кои се пренесуваат во 2024 година: 147.414 денари

3. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2023 година**
   **Сметка 785-17 (донаторска сметка)**
   Пренесен приход од претходната година: 10.646 денари
   Вкупен расход: 2.100 денари
   Пренесени средства во 2024 година: 8.546 денари

4. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2023 година**
   **Сметка 785-21 (донаторска сметка)**
   Вкупен приход: 365.255 денари
   Вкупен расход: 271.060 денари
   Пренесени средства во 2024 година: 94.195 денари

5. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2023 година**
   **Сметка 785-36 (донаторска сметка)**
   Вкупен приход: 31.284 денари
   Вкупен расход: 2.100 денари
   Пренесени средства во 2024 година: 29.184 денари

6. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2023 година**
   **Сметка 785-40 (донаторска сметка)**
   Вкупен приход: 34.635денари

Вкупен расход: 34.635 денари
Пренесени средства во 2024 година: 0 денари

7. **Структура на остварени приходи и расходи заклучно со 31.12.2023 година Сметка 785-55 (донаторска сметка)**
Вкупен приход: 0 денари
Вкупен расход: 0 денари
Пренесени средства во 2024 година: 0 денари

## Извештај за реализација на Годишната програма за работа и вонпрограмските активности

Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија започна во април 2023 година согласно Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2023 година со Министерството за култура во областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (бр. 31-1962/1 од 02.03.2023 година), Анекс-договор кон Договорот бр. 31-1962/1 од 02.03.2023 година за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2023 година со Министерството за култура во областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (бр. 31-1962/3 од 20.03.2023 година), Анекс-договор кон Договорот бр. 31-1962/1 од 02.03.2023 година и Анекс Договор бр. бр. 31-1962/3 од 20.03.2023 година за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2023 година со Министерството за култура во областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (бр. 31-1962/45 од 30.10.2023 година), Анекс-договор кон Договорот бр. 31-1962/1 од 02.03.2023 година, Анекс Договор бр. бр. 31-1962/3 од 20.03.2023 година и Анекс Договор бр. бр. 31-1962/45 од 30.10.2023 година за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2023 година со Министерството за култура во областа на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (бр. 31-1962/56 од 19.12.2023 година), Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2023 година со Министерството за култура во областа на заштитата на недвижното културно наследство (бр. 32-2066/1 од 03.03.2023 година), Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2023 година со Министерството за култура од областа на меѓународната дејност (бр. 33-2332/1 од 07.03.2023 година), Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа

на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија за 2023 година со Министерството за култура од областа на меѓународната дејност (бр. 33-6171/4 од 20.06.2023 година) и Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Археолошки музеј на Р.С. Македонија од Скопје за 2023 година од областа на инвестициско одржување и набавка на опрема (бр. 50-3182/1 од 10.03.2023 година).

**МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ И ЗАШТИТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО:**

Реализирани се проектите:

1. **Формирање на компаративна археозоолошка збирка**

    - Раководител на проектот: м-р Анета Фиданоска, кустос; член на стручен тим: Марко Наумовски, препаратор

Во рамките на проектот се набавија и обработија современи животински скелети (коски) кои понатаму беа подложени на стручни препараторски третмани, како и финална обработка на коските, со што истите ќе бидат безбедни (бактериолошки) за понатамошна употреба во склоп на компаративната археозоолошка збирка. Во соработка со Факултетот за ветеринарна медицина, беше обезбеден скелет од веќе угинато животно (Canis familiaris) кое понатаму беше предадено на препараторот за понатамошна обработка, кој по финалната обработка, скелетот го достави во Музејот.

Преведени и реализирани се 50.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





2. **Интердисциплинарни (антропополошки, археометриски и радиокарбон) и заштитни археолошки истражувања на некрополата Мали Дол-Тремник**

- Раководител на проектот и истражувањата: д-р Александра Папазовска, кустос советник; членови на стручниот тим: м-р Перо Арџанлиев, м-р Александра Чевреска, Никола Хаџи-Николов, Гордана Младеновска, Илија Бошковски, Стојанче Атанасов, Костадинка Филипова - археолози и д-р Фаница Велјановска - антрополог.

Локалитетот во континуитет претрпува мали оштетувања поради континуираната земјоделска активност на просторот кој се истражува и истражувањата во целост имаат заштитетен карактер. Во 2021 година беа направени снимања со георадар на просторот кој не е истражен со што веќе е одредена динамиката со приоритет на истражувањата.

Првенствено, улогата на овие ископувања е да се заштити некрополата од нејзино оштетување со земјоделските активности на просторот, а потоа и да се одреди нејзиниот карактер, да се дефинира изгледот, големината, да се утврди нејзината позиција во однос на соседните локалитети (на пр. населбинските остатоци на локалитетот Чаир Рид) и поставеност во просторот, односно да се одреди целосно просторот на нејзиното протегање.

Минатогодишните истражувања на локалитетот Мали Дол, с. Тремник кај Неготино се изведоа во две фази: првата фаза беа истражувања на простор од околу 20м$^2$ во периодот од 20.05.2023 до 10.06.2023 година, кога беа откриени осум погребувања, и тоа две погребувања во урни и една јама од периодот на крајот на доцното бронзено време, и две цисти и три јами од средновековниот период. Во втората фаза, која се одвиваше во периодот од јули до октомври 2023 година, се обработи движниот археолошки материјал и скелетните човечки остатоци. Целта на овие истражувања е да се утврди дали постојат разлики кај покојниците во однос на нивниот социјален статус, преку гробните форми и позицијата на гробовите во рамки на некрополата, да се утврди густината и распоредот на гробовите на овој дел на некрополата.

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





3. **Систематски археолошки истражувања на некрополата лок. Гимбабица, с. Избишта, општина Ресен**

- Раководител на проектот и истражувањата: м-р Перо Арџанлиев, кустос советник; членови на стручниот тим: Илија Бошковски, Марина Спирова - археолози; Ане Пејчиноска Танеска, архитект.

Археолошкото истражување на лок. Гимбабица, кај с. Избишта, општина Ресен, се реализира по петти пат во рамки на годишната програма на НУ Археолошки музеј на РСМ. Целта на истражувањата е преку систематски археолошки истражувања и мултидисциплинарен научен пристап, за прв пат во Преспанскиот регион, да се дефинира карактерот на некрополите од хеленистичкиот период, да се утврдат погребните обичаи, ритуали, гробна архитектура и сл. Истражувањето се реализираше во периодот 16.07.-01.08.2023 година.

Во 2023 година, истражувањата се фокусираа на отворање на една сонда со димензии: 6 м должина и 5 м широчина или со вкупна површина од 30 $м^2$. Сондата беше нумерирана како Сонда 6 и беше поставена на најсеверниот дел од нивата со К.П. 111. Со минатогодишните сондажни ископувања беше утврдено нивото на гробови кое беше во длабочина од околу 3 м и бидејќи до тоа ниво не се забележуваа културни хоризонти, туку само наноси на земја и песок кои се резултат на силната ерозија која се забележува на локалитетот, оваа година како и претходните четири, тој слој од ерозивни наноси со длабочина од 2.2 м беше отстранет со градежна механизација. Потоа се продолжи со рачно ископување при што на длабочина од 3.6 см во сондата се наиде на траги од горење кои во понатамошното истражување се испостави дека припаѓаат на гробни јами. Вкупно се откриени и истражени пет гробови кои се нумерирани како гробови бр. 13, 14, 15, 16 и 17 со што се продолжува нумерацијата од претходните истражувачки кампањи.

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





4. **Градиште - Неготино – Антигонеа, археолошко истражување на раноантичкиот град**

- Раководител на проектот и истражувањата: м-р Горан Санев, кустос советник; членови на стручниот тим: Филип Аџиевски, кустос и Мила Шурбаноска, надворешен соработник – археолози; проф. д-р Николас Секунда, кораководител.

Археолошкото истражување на лок. Градиште кај Неготино во рамките на меѓународен истражувачки проект, има за цел да се утврди урбаниот развој, карактерот и идентитетот на непознатиот град, за кој се претпоставува дека е градот Антигонеја.

Во секторот D3 се продолжи истражувањето на објектот Таверна, од нејзината западна страна. Цел на истражувањето беше да се утврди целосната големина на овој објект.

Сондата C5/23-4 е позиционирана западно до сонда 2, заради утврдување на големината на хеленистичкиот објект во сонда 2. Во северниот дел на сондата се открија дел од улицата со јужната банкина, додека во јужниот дел се открија остатоци од два паралелни ѕидови, од кои западниот е значително оштетен и зачуван е во должина од околу 1 м, додека источниот е подобро зачуван, изведен е од обработени камени плочи и откриен е во должина од околу 1 м, додека кон југ се губи во профилот. Западно до оваа сонда се направи и доистражување на улицата во сонда D5/4-2, откриена во 2022 година, а која продолжува кон С/И и ја следиме и во сондите C5/23-4 и C5/20-2, 4.

Теренската документација се води со дескриптивен приказ на информациите во индивидуални дневници, во кои се забележуваат ситуациите со културните слоеви, објектите (со текст и скица), нивелманските податоци, фотодокументацијата, како и откриениот движен материјал. Издвоениот движен материјал се фотографира и уредно обработува во теренски инвентарни картони. Целата документација од истражувањето е во дигитална форма.

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





5. **Археолошко истражување на римската некропола на лок. Исар, с. Марвинци**

- Раководител на проектот и истражувањата: м-р Јане Клековски, кустос советник; членови на стручниот тим: Филип Аџиевски, Мартин Гиевски, кустоси; Игор Ширтовски, археолог.

Минатогодишното истражување му донесе нова вредност и нов историски период на локалитетот, а тоа е Првата Светска Војна. Истражувањето на просторот од римската некропола на доминантен врв, помеѓу римските гробови се откри и истражи долго рововско вкопување долж целиот рид. Од оваа позиција во целост се контролирала целата област од Валандово до Богданци и Кожуф и најважно патот кон југ и Солун. На овој начин локалитетот станал дел од Македонскиот (Солунски) фронт. Но, според археолошките наодите во рововите, се чини биле стационирани силите на Антантата, поточно српска војска со француска муниција од 1915 год., а не германската војска или Централните Сили. Мноштвото наоди и гранати сведочат дека локалитетот преживеал жестоки борби. Она што е посебно интересно е што војниците директно ги искористиле и за жал притоа уништиле гробовите од римскиот период кои им се нашле на пат за нивно вкопување во ридот. Останале неуништени само оние гробови кои не биле на директна линија на ровот. За стратешката позиција на овој простор на римската некропола сведочи и пронајдениот врв од стрела од античкиот период во еден од рововите од Прва Светска Војна.

Овогодинешното истражување пронајде и претпоставени одбранбени градби од IV век на просторот на римската некропола. Бурниот историски период во IV век ги приморало жителите на Исарот да го реорганизаат и обноват градот, а првично или само привремено додека не се изгради „Кастелот“, се чини дека одбранбените линии на градот се протегале дури до просторот на кој се истражуваше оваа година.

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





6. **Систематски археолошки ископувања на лок. Римски Гробишта, Барово, општина Демир Капија**

- Раководител на проектот и истражувањата: Раде Атанасов, виш кустос во Музеј и галерија - Кавадарци; членови на стручниот тим: Илија Бошковски, надворешен соработник, Гордана Младеновска, надворешен соработник, Благоја Китановски, надворешен соработник, Димитар Николовски, виш документатор во НУ Стоби.

Со минатогодишните истражувања целосно беа расчистени гроб 1 и гроб 2. Истите беа документирани, иако беа целосно оштетени и ограбени од илегални копачи. Беше истражен и гроб 3, кој се наоѓа североисточно од гроб 1, со ориентација СЗ/ЈИ. Покривната конструкција беше направена од камени блокови, а јамата со овална форма чиј источен и западен ѕид беа опшиени со камен. Челните страни на јамата беа вдлабени во самата карпа песочник и означени со по една помала камена плоча. Во внатрешниот дел на јамата беа пронајдени само два фрагмента керамика и мала количина на остеолошки материјал. Во централниот дел помеѓу квадрат Д2 и Д3 се појави јама со овална форма која беше означена како гроб 4. Гробот е со ориентација СЗ-ЈИ и претставува јама исполнета со кафеава земја. Покрај северниот ѕид на јамата вертикално се поставени три плочести камења. Југоисточниот и северозападниот агол на јамата се исполети со ситен камен. Во гробот не беа пронајдени никакви наоди, ниту пак остеолошки материјал. Покрај западниот профил на квадратот Д3, се појави поголема концентрација од камени плочи која се покажа дека е гроб и беше означена како гроб 5. Гробот е со правоаголна форма со ориентација СЗ-ЈИ. Поголема концентрација на камени плочи има во северозападната половина која е оштетена од илегални копачи, додека во југоисточната половина се концентрирани помали камења кои го формираат работ на јамата.

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





7. **Археолошко истражување на „Големо Градиште“- с. Коњух, Кратово, доцноантички урбан центар во североисточна Македонија**

- Раководител на проектот: м-р Горан Санев, кустос советник. Проектот е реализиран во соработка со Гетисбург колеџ од Пенсилванија, САД и Универзитетот Сајмон Фрејзер, од Ванкувер, Канада. Кораководители на истражувањата: м-р Горан Санев, кустос советник; проф. д-р Каролина С. Снајвли; проф. д-р Сабрина Хигинс, Универзитет Сајмон Фрејзер, Канада, ко-раководител: м-р Радомир Ивановиќ, кустос; членови на стручниот тим: д-р Адриана Дун, кустос археолог, Музеј при Универзитетот Мемфис, Тенеси, САД; Леони Грефрат, студент, Универзитет Рур, Бохум, Германија.

На северната тераса, каде што е лоцирано главното градско јадро, се доистражуваше југозападниот простор на големиот квадратен анекс-објект дограден северно до Епископската базилика, веројатно во втората половина на VI век. Овде беа откриени градежни елементи кои ја објаснуваат поврзаноста на овој објект со нартексот на црквата и начинот на надминување на висинската разлика помеѓу двата објекти, а исто така открија елементи кои укажуваат постоење на втор кат над квадратниот објект, кој можеби водел и кон галериски простор над нартексот на базиликата.

Северно од анекс објектот и Епископската резиденција продолжи истражувањето на просторот на градскиот плоштад, при што се добија нови податоци за големината и планот на квадратната конструкција откриена на овој простор во 2022 година.

На јужната страна од црквата започна доистражувањето на просторот источно пред крстилницата кон кој водел ходник изведен веднаш покрај јужниот ѕид на базиликата. Со тоа се очекува да се добијат нови податоци за архитектурата и карактерот на овој простор како уште еден сегмент од комплексот градби на главната градска црква. Источно пред апсидата на црквата започна ревизионо истражување на сонда истражувана во 2007 година, со цел да се ревидираат податоците за стратиграфијата на локалитетот.

Со контролна сонда поставена на југозападниот дел на северната тераса, покрај самата патека која води кон локалитетот се откри сегмент од бедемот, со што се добија нови податоци за неговата големина (1.5 м ширина), опус и правец. Така, истражувањето покажа дека на оваа позиција бедемот бил пресечен, веројатно при свлекување на теренот северно до патеката; ѕидот на бедемот е широк 1.5 метри, а бил изведен од обработени камења врзани со варов малтер. Неколку помали ѕидови се откриени од неговата источна страна и истите се индикатор за објект(и) од внатрешната страна на бедемот. Правецот на бедемот кој остава впечаток дека отстапува од линијата на падината наведува на можноста за остатоци од кула.

Во 2023 година, во Сектор III, на место викано „Ракле“ се направи заштитно истражување на случајно откриени остатоци од ѕидови од глина и малтер. Со истражувањето се откри објект со речиси правилна кружна форма и пречник од 2.10 м,

најверојатно печка варница. Печката е ѕидана од глина и обложена со варов малтер од внатрешната страна. Таа била калотеста и вкопана делумно во теренот кој постепено се искачува кон исток, со што останала зачувана во овој дел во висина од са. 1.5 м. Овој наод ја сугерира позицијата на „индустрискиот“ дел на градот, што значи дека на овој простор, односно предградие, треба да се очекуваат и други печки и работилници за различни видови производи наменети за потребите на жителите на непознатиот град на Големо Градиште и неговата околина.

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





8. **Археолошки истражувања на локалитетот Стакина Чешма - Бакновка, Валандово**

- Раководител на проектот и истражувањата: м-р Радомир Ивановиќ, кустос; членови на стручниот тим: Филип Аџиевски, кустос, м-р Перо Синадиновски, Благоја Китановски, ангажирани со авторски договор, Мила Шурбановска, Игор Ширтовски, надворешни соработници.

Миинатогодишните археолошки истражувања на локалитетот Стакина Чешма се реализираа од 02.05.2022 до 22.05.2022. Во склоп на геофизичките истражувања на Стакина Чешма во 2022 година на КП 3783 се пронајдоа линеарни аномалии со димензии 10 x 15

метри што сугерираше дека на оваа локација постои друг објект. Со истражувањата спроведени во 2020 година во двете пробни сонди на истата парцела се пронајдоа остатоци од архитектура заедно со керамички и нумизматички материјал од средината на IV век. Оваа локација е само 70 м јужно од познатата вила. Оттаму, цел на годинешните истражувања беше аномалијата пронајдена со геофизичките истражувања на КП 3783. На длабочина од 60-70 см, се документираше дебел слој од песок измешан со релативно обработени камења кои некогаш биле дел од ѕид. Се продолжи со стратиграфска сонда која даде одговори за седиментите на овој дел од локалитетот. Во наредните слоеви се пронајдени фрагменти од тегули и тули, како и керамички фрагменти и згура.

Од локалното население беше добиена информација за мозаик кој наводно бил истражуван во 70-тите години на минатиот век од страна на РЗЗСК, но за овие истражувања не постои никаква документација. Мозаикот се наоѓа на приватна парцела односно во дворно место на куќа. Сопствениците дозволија да се документираат остатоците и повторно да се отворат овие непознати мозаици, што се реализираше од 10.07. до 14.07.2023 година, при што се изврши целосна докуметација и превентивна заштита на сочуваниот дел.

Преведени и реализирани се 250.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





## 9. Документација (фото и техничко документирање) и дигитализација на музејски предмети од збирка бронзено време

- Раководител на проектот: Гоце Коцевски, виш кустос.

Преведени се 20.000 ден., реализирани се 8.000 ден. за набавка на канцелариски материјал.

10. **Инвентарирање на музејски предмети од збирките камени споменици, изработка и дигитализација на музејска документација и тековно одржување на збирките сместени во коњушницата и задниот двор на Куршумли ан (втор дел)**

- Раководител на проектот: м-р Горан Санев, кустос советник; членови на стручниот тим: м-р Радомир Ивановиќ, кустос; Наталија Данаилова, класичен филолог; Стеван Илијевиќ, овластен конзерватор за камен; Горан Ивановски, конзерватор за камена пластика во НУ Музеј на Република Северна Македонија.

Со предвидените средства за 2023 година, во текот на реализацијата на проектот се започна со чистење на коров и вегетација во коњушницата на Куршумли ан и во задниот двор на анот.

Тековно се работеше на одржување на состојбата на камените споменици сместени во објектот, како и на дополнување на документацијата за истите заради нивна инвентаризација и изработка на Елаборат за ревалоризација.

Изработени се инвентарни картони за 335 музејски предмети од збирката.

Преведени и реализирани се 70.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





11. **Конзервација на археолошки материјал од збирка бронзено време**

- Раководител на проектот: Гоце Коцевски, виш кустос.

Со оглед на тоа дека дел од предметите кои беа предвидени за конзервација преку овој проект, се уште не се предадени во владение на НУ Археолошки музеј на РСМ, од средствата за проектот беа набавени репроматеријали за конзервација.

Преведени се 21.000 ден., реализирани се 5.000 ден.

12. **Конзервација и реставрација на археолошките наоди од римската некропола кај Исар с. Марвинци**

- Раководител на проектот: м-р Јане Клековски, кустос советник; членови на стручниот тим: Емилија Димковска, овластен конзерватор, Васил Николовски, конзерватор, Делфина Трајчевска Мицевска, конзерватор, Гордана Младеновска, конзерватор, надворешен соработник; Љубица Ѓорчева, конзерватор-техничар.

Проектот започна со реализација во ноември 2023 година. При тоа, освен креирањето на стручниот тим за изведба на истиот е изготвена и Програма за конзерваторски истражувања. За истиот е добиено и Одобрение за конзерваторско истражување од УЗКН.

Преведени се 100.000 ден., реализирани се 65.138 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

13. **Конзервација и документација на средновековна нумизматичка збирка III**

- Раководител на проектот: м-р Трајан Зафировски, виш кустос; членови на стручниот тим: Емилија Митева, овластен конзерватор за метални предмети, Делфина Трајчевска Мицевска, кознерватор за метал, Љубица Ѓорчева, конзерватор-техничар и Гордана Младеновска, ангажирана со авторски договор.

Со оглед на процедурите согласно Законот за заштита на културното наследство, се изработува техничката и фото документацијата за 378 монети пронајдени на локалитет Големо Градиште, с. Коњух со цел конзерваторски истражувања. Материјалот потекнува од археолошките истражувања кои беа извршени во периодот од 2016 до 2023 година.

Преведени се 50.000 ден., реализирани се 46.884 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

14. **Изработка од Основен проект за конзервација и реставрација на музејски предмети од збирка „Епиграфика и камена пластика“**

- Раководител на проектот: Стеван Илијевиќ, овластен конзерватор за камен; членови на стручниот тим: м-р Радомир Ивановиќ, кустос; Наталија Данаилова, класичен филолог; Горан Ивановски, конзерватор за камена пластика во НУ Музеј на Република Северна Македонија.

Во рамките на проектот се извршени конзерваторски истражувања, доставен е извештај до УЗКН. Изготвен е Основен проект за конзервација и реставрација на збирката Епиграфика и камена пластика.

Преведени и реализирани се 50.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

15. **Обележување на јубилеј „100 години Археолошки музеј“**

Со оглед на одобрените средства и динамиката со која се планира јубилејот, доделените средства се искористија за печатење монографија „Археолошки музеј 1924-2024“. Формиран е стручен тим за идентификација на фотографски материјали и документи во Одделението за документација, заради претставување на административниот историјат на Археолошкиот музеј, во кој беше вклучен целокупниот стручен кадар на Музејот. Остварена е соработка со Кинотека на Северна Македонија и НУБ „Св. Климент Охридски“ за размена на документарни материјали, снимки и стари весници и периодика.

Формирано е координативно тело за изработка на монографијата во состав: м-р Горан Санев, д-р Перо Јосифовски, м-р Златко Видески, Никола Хаџи-Николов заедно со уредникот на Музејот, д-р Александра Папазовска, кое изврши конципирање на изданието заедно со уредувачкиот одбор и издавачкиот совет на установата и врз основа на овие решенија изработени се текстови за историјатот на музејот и историјатот на формирањето на музејските збирки. Монографијата е графички уредена и испечатена.

Преведени и реализирани се 400.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

16. **Подводни археолошки и интердисциплинарни истражувања и обука на подводни археолози на локалитетот Врбник – Струга**

- Раководител на проектот и истражувањата: м-р Валентина Тодороска, лиценциран подводен археолог; кораководител: д-р Александра Папазовска, кустос советник; членови на стручниот тим: м-р Александра Чевреска, кустос, Никола Хаџи-Николов, документатор, Бојан Танески, виш кустос во НУ Завод и Музеј – Охрид, Цветлана Василевска, кустос во НУ Музеј „Д-р Никола

Незлобински“ – Струга, д-р Орданче Петров, археолог; Билјана Балева, кознерватор во НУ Завод и Музеј – Охрид, Климент Балев, конзерватор-техничат во НУ Завод и Музеј – Охрид.

Целта на минатогодишните истражувања беше насочена кон продолжување на истражувањето на Сектор А кој се истражуваше во 2022 година (2 квадрати од 10х10м) и се истражија 13 линии од по 10 м. Со кампањата во 2023 година се продолжи со истражување на истата локација, но и со земање на примероци за дендрохронолошка анализа од квадратот кој се истражува. Од добиените резултати сметаме дека ќе се добијат повеќе информации за староста на локалитетот Врбник. Истражувањата се одвива во три фази: 1 фаза-подготовки, 2-фаза реализација на проектот и 3 фаза-презентација на локалитетот.

Во текот на истражувањата се истражија два сегменти 1х10 м, односно 2х10 квадрати 1х1м од кои се извади движен археолошки материјал керамика, метални предмети и една златна алка и се означија и подготвија 25 дрвени колци за дендрохронологија. Паралелно со подводните истражувања се работеше на чистење, миење и обработка на движниот материјал во НУ Музеј Д-р Никола Незлобински во Струга, а металните наоди се подготвува за превентивна заштита и вадење на металот од езерска вода и негова стабилизација. Последната фаза – презентација на локалитетот се одвиваше во периодот 7-10.09.2023 година во рамки на филмскиот фестивал за подводна археологија кој го организира „Скаут“ и Нуркачкото друштво на Македонија во соработка на соседни нуркачки друштва во регионот на Балканот каде беше презентиран локалитетот Врбник.

Преведени и реализирани се 350.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





**17. Печатење на Зборник на Археолошкиот музеј бр. 15**

- Раководител на проектот: м-р Трајан Зафировски, виш кустос. Учесници во проектот: д-р Александра Папазовска, кустос советник, уредник на НУ Археолошки музеј на РСМ, м-р Златко Видески, археолог, ангажиран со авторски договор.

Отпечатен е Зборник на Археолошки музеј бр. 15 во тираж од 200 примероци.

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

**18. Јубилејна изложба - 70 години археолошки истражувања на античкиот град Стибера**

- Раководител на проектот и комесар на изложбата: м-р Радомир Ивановиќ, кустос; членови на стручниот тим: Душко Темелкоски, кустос советник во НУ Завод и Музеј – Прилеп, м-р Оливера Јандреска, кустос во НУ Завод и Музеј – Прилеп, д-р Александра Николоска, стручен соработник во изработка на каталог; д-р Весна Калпаковска, стручен соработник во изработка на каталог; проф. д-р Јован Ивановски, графичко и визуелно обликување на изложбата; д-р Орданче Петров, графичка подготовка на каталог; Бисера Крцковска, графички дизајн на изложбата; Наталија Данаилова, стручен соработник; Стеван Илијевиќ, Горан Ивановски, Иванчо Велков, Марјан Костовски, Миле Крстевски – тим за изработка на постаменти и поставување на камени споменици; Бранислав Атанасковиќ, фотограф, Иван Блажев, фотограф, Марија Видеска, Елена Рафајловска, стручни соработници за визуелни уметности, архитектура и дизајн, Васил Николовски, конзерватор за метал.

Заради реализација на изложбата „Стибера, 70 години археолошки истражувања“ најпрво беше потпишан Договор за соработка со НУ Завод и Музеј – Прилеп, со цел на изложбата да се претставаат археолошки музејски предмети кои се пронајдени на археолошкиот локалитет Стибера, а го истражувале двете установи. Авторите на изложбата: Душко Темелкоски, Оливера Јандреска, Славица Бабамова и комесарот Радомир Ивановиќ, изработија концепција и започнаа подготовките на постаментите за експонатите од мермер. По добиеното одобрение за движење на заштитени добра музејските археолошки предмети беа транспортирани од НУ Завод и Музеј – Прилеп во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје, од НУ Музеј на Република Северна Македонија – Скопје и од Куршумли ан во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје.

Паралелно се работеше на авторски текстови за каталогот за изложбата, лектура, превод на англиски јазик, фотографирање и обработка на фотографиите и подготовка на целиот визуелен изглед и графичка подготовка на пропратниот печатен материјал.

Изложбата е прво интегрално претставување како на движните наоди откриени од двете установи, така и на античкиот град Стибера, кој до сега не беше многу познат меѓу пошироката домашна јавност, а особено не за странските посетители. Во експозицијата се вклучени во најголем дел предмети од мермер – статуи и натписи, но исто така и култни предмети (теракоти), керамички светилки, монети, оружје, накит, садова керамика, а еден дел е посветен и на документацијата од археолошките ископувања. Со ваквиот начин на претставување се дава целосна слика за локалитетот, неговата посебност како еден од најзначајните антички градови во овој дел на Македонија, македонски археолошки бисер, со посебен осврт на античките извори како неодминлив дел од неговата историја, како и податоците кои ги извлекуваме од епиграфските споменици.

Изложбата траеше од 25.05.2023 до 20.02.2024 година. Изложбата ја посетија 13.537 посетители.

Преведени и реализирани се 300.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





**19. Културното наследство на Кочани и кочанско - ретроспективна изложба**

- Раководител на проектот: Илинка Атанасова, кустос советник, соработници: Александра Димитрова, Иван Шапков, Марија Гацова, Иле Велков, Александар Богданов, ментори; Стефан Атанасов, подготовка на изложбата.

Во првата фаза на реализација се одржаа едукативни предавања за културното наследство на Кочани и кочанско. Во втората фаза се изработија фотографии од претходните реализирани работилници во периодот 2013-2023 година, се изработиј аплатна со цртежи инспирирани од едукацијата и во третата фаза се реализираше изложба од творбите од 2013 до 2023 година.

Преведени и реализирани се 50.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

## 20. Изложба „Сребрена Тракија“

- Раководител на проектот и стручниот тим: м-р Перо Арџанлиев, кустос советник; членови на стручниот тим: д-р Александра Папазовска, кустос советник, Крсто Чукалев, куратор, НАИМ-БАН; Петја Пенкова, конзерватор, НАИМ-БАН; Наталија Иванова, куратор, НАИМ-БАН; Јана Димитрова-Тасева, куратор, НАИМ-БАН; Ренета Караманова-Златкова, конзерватор, НАИМ-БАН; Даниела Богоевска Кнежевиќ, дизајнер, надворешен соработник; Зоран Ристиќ, уредувач на осветлување, надворешен соработник; Јован Ивановски, архитект, архитектонски дизајн и дизајн на изложба; Кристина Бицева, преведувач; Татјана Пејчинковска, преведувач; Драган Гијовски, археолог, надворешен соработник; Илија Бошковски, археолог, надворешен соработник; м-р Јане Клековски, кустос советник; м-р Златко Видески, археолог, надворешен соработник; Емилија Димковска, овластен конзерватор; Васил Николовски, конзерватор; Љубица Ѓорчева, конзерватор техничар; Делфина Трајчевска Мицевска, конзерватор; Гордана Младеновска, конзерватор, надворешен соработник; Никола Хаџи Николов, документатор; Адријана Ристеска, документатор-техничар; Марија Видеска, стручен соработник за архитектура; м-р Марија Колевска Димишковска, водич; м-р Марија Рабаџиска, водич; Стеван Илијевиќ, конзерватор, надворешен соработник; Бранислав Атанасовиќ, фотограф, надворешен соработник; Филип Соколоски, археолог, надворешен соработник; Иван Крстевски, соработник за безбедност, надворешен соработник; Петар Ѓурчевски, помлад соработник за маркетинг и односи со јавност.

Изложбата „Сребрена Тракија“ претставува прво претставување на богатото археолошко културно наследство од територијата на Р. Бугарија во Р. Северна Македонија. Изложбата е гостувачка и преку неа се претставени исклучителните и уникатни предмети изработени од сребро кои се еден од најкарактеристичните белези на славната тракиска култура. Дел од овие артефакти биле претставувани на неколку индивидуални и камерни изложби одржани во Р. Бугарија и во други музејски центри во Европа и светот, но во овој формат во кој се презентирани околу 1700 предмети изработени од сребро, декорирани со позлата и гравури, резултат на врвен уметнички израз и технологија кај Тракијците, до сега не е презентирано. Оваа изложба има за цел да го претстави на стручната и широката публика богатството на Тракијците преку различни аспекти на секојдневниот и општествен живот на заедниците во периодот од 5 до 3 век пред н.е. преку садови за пиење, накит, коњска опрема, воена опрема и др.

Изложбата е збогатена со материјали (предмети изработени од сребро со позлати) од Казанлак, предмети сопственост од Археолошкиот институт и музеј во Софија, но и од уште 17 национални, регионални и локални музеи од Р. Бугарија (Пловдив, Панаѓуриште, Брезово, Радјовене, Синдел и др.)

Во периодот септември и октомври се работеше на избор на предметите кои учествуваат на изложбата, се средуваше просторот во кој се планираше поставувањето на изложбата. Во месец октомври се подготвуваа помошните музејски материјали (банери, легенди, броеви, каталог, воведен филм и сл.)

На 07.11.2023 година со полициска придружба се пречекаа артефактите на граничниот премин „Деве Баир“ и се спроведоа до просториите на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија- Скопје. По 24-часовната аклиматизација на предметите се премина на проверка на нивната состојба по претходно подготвени протоколи и нивно сместување во витрините. Во периодот од 08.11. до 13.11.2023 година се работеше на поставување на предметите и на помошниот музејски материјал.

Изложбата беше свечено отворена на 14.11.2023 година и ќе биде поставена до 07.04.2024 година. До 04.03.2024 година изложбата ја посетиле повеќе од 2.000 посетители.

Преведени и реализирани се 300.000 ден. По добиена согласност за пренамена на средства, преведени и реализирани се 100.000 ден. кои беа предвидени за проектот „Реализација на проект - заштита на музејски археолошки материјал од лок. Исар Марвинци - југозападна некропола, Валандово“. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





## ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО:

Реализирани се проектите:

1. **Тековна заштита и популаризација на археолошкиот локалитет Тумба Маџари и музејот под отворено Неолитското село во Скопје**

   - Раководител на проектот: м-р Елена Стојанова Канзурова, кустос советник; членови на стручниот тим: Буњамин Џемаили, кустос, м-р Перо Синадиновски, археолог, Васил Николовски, конзерватор, Марија Николова, конзерватор, Ѓорѓи Букчевски, археолог надворешен соработник; Дончо Наумовски, археолог надворешен соработник; Наталија Марчевска, студент по археологија; Валентина Митрева, надворешен соработник; Горан Котевски, надворешен соработник; Слободанчо Трпковски, надворешен соработник; Васка Гулева, надворешен соработник.

Во рамките на проектните активности, беше реализирано: (1) обновување на дел од движниот инвентар во објектите на Неолитското село: внатрешниот движен инвентар (садови-копии) во објектите на Неолитското село, изработени од глина, се обновија делумно. Обновувањето на садовите е потребно заради влијанијата од тактилната активност на посетителите. (2) обновување на човечките и животински кукли во објектите на Неолитското село: обновувањето на човечките и животински кукли изработени од гипс е потребно заради влијанијата од тактилната активност на посетителите, но и атмосферските влијанија. (3) изработка на облека и накит на човечките кукли во објектите на Неолитското село: облеката на човечките кукли изработена од лен заради дотраеност се освежи и обнови. Паралелно се изработи и накит од школки, кожа, монисти, како додатоци на облеката и фризурите. (4) собирање трска од Катлановското блато за покривите на објектите во Неолитското село: за потребите на дел од покривите на објектите во Неолитското село се собра трска од Катлановското блато кај село ’Ржаничано, по претходна добиена дозвола од Општина Петровец. (5) Делумно обновување на покривите на објектите со трска во Неолитското село: собраната трска од Катлановското блато откако се процесуираше низ неколку фази (сечење на цветот, лисјата, и врзување во мали снопови) се распореди и намести на најпотребните делови на покривите на објектите во Неолитското село (со акцент на објектот т.н. училница со едукативна функција). Обновувањето на покривите со трска е неопходно заради последиците од атмосферските влијанија. (6) делумна заштита на дрвената граѓа на објектите во Неолитското село: влијанијата од климата и биолошките штетници врз дрвената граѓа на објектите во Неолитското село, несомнено барат нивна редовна заштита. (7) делумно обновување на дрвениот инвентар во куќите во Неолитското село: со цел збогатување на едукативните содржини во Неолитското село се обнови дел од дрвениот инвентар во куќите и надворешниот простор. (8) делумно обновување на оградата со плетена трска на археолошкиот локалитет: Неолитското село и еден дел од археолошкиот

локалитет Тумба Маџари се оградени со мрежа, и плетена трска-како амбиентален елемент. Атмосферските влијаниа, а пред сѐ, деструктивизмот на некои соседи доведува до оштетување на оградата. Од овие причини, потребно е повремено да се санира оградата и набави нова плетена трска. (9) редовно хортикултурно уредување на просторот во Неолитското село и археолошкиот локалитет: хортикултурното уредување на просторот во Неолитското село и археолошкиот локалитет, но и најблиската околина, е една од постојаните обврски на овој долгогодишен проект (2008-2023), и е во прилог на развој на културниот туризам на општина Гази Баба, Скопје и Македонија. (10) ажурирање и обнова на FB: Archaeological site and Neolithic settlement “Tumba Madzari” www.tumbamadzari.mk (11) едукативни активности во Тумба Маџари: Неолитското село како дел од археолошкиот локалитет Тумба Маџари постојано привлекува внимание во јавноста и се реализират разни едукативни и туристички посети.

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.





## 2. Палеолитот во пештерите низ Република Северна Македонија, Голема Пешт и потенцијални нови локации

- Раководител на проектот: м-р Љиљана Шаламанов Коробар, кустос советник; членови на стручниот тим: Благоја Китановски, археолог; м-р Марина Спирова, археолог; м-р Перо Синадиновски, археолог; Антониа Сарделиќ, технички документатор/архитект, Димитар Анѓелов, спелеолог.

Во рамките на активностите во овогодинешниот проект на лок. Голема Пешт, пештера кај с. Здуње, општина Македонски Брод, исчистени се и обележани слоеви во сондите 2 и 5. Измерени се котите и пристапено е кон нивно исцртување. Исцртани се три профила во сонда 2 и исто толку профила од сонда 5, за кои немаше можност во изминатите кампањи да се документираат. Профилите се фотографирани и исцратани во auto-cad и на тој начин документација е дигитално зачувана.

Новата пештера во истиот регион Порече, „Овчарска“ во село Слатина беше сондажно истражена. Пештерата има две нивоа: ниво 1 има две сали со должина од 74 м (ЈЗ

–СИ), а последните 30 м е канал со ширина од 1,5 м и длабочина од 14 м што ги поврзува двете нивоа. Второто ниво има 3 пештерски канала со различни експозиции: првиот канал со дим. 10 х 5м. кон ЈЗ, вториот канал 85м. х 1-2м.кон СИ, а третиот канал кон ЈЗ-Ј-ЈИ е долг 40м. Вкупната должина на пештерата изнесува 268м. На површината се затечени големи блокови со видливи траги од пукања и паѓања од таваницата и од страните на пештерата

Сондата со димензии 3х2 м беше поставена на 11-ти метар од влезот со ориентација СЗ - ЈИ во левиот преден дел поради запазување на средишната оска на објектот во сала 1 како и два репера одбележани со црвен маркер поставени во десниот СИ ѕид од влезот.

Во новиот запечен портокалово жолт до црвен по боја седимент се отвораат три канала исполнети со гареж лоцирани помеѓу големите блокови, но и уште две јами бр. 7 и бр. 8 така што останува мал простор за копање. Во овој слој 6 има исто така фрагменти керамика и фрагменти животински коски. Се пристапи кон кршење на големите доломитско мермерни блокови поради ослободување на простор за понатамошно ископување. Под блок во кв. Б на 51 цм од јужен агол, на длабочина од 290 цм се откри бронзен спирален предмет со кружен облик со дијаметар од 3цм, а под него дно од сад и слој од јаглен. Јагленот исто така припаѓа на слој 6 и примероците се земени од длабочина од 328 цм.

Слоевите 7 и 8 се со жолтеникаво сивкаста боја додека варијацијата што ги одвојува овие два слоја е во дробината, која во горниот дел е ситна и заоблена, додека во долните партии е средна полуаглеста доломитска дробина. Сондата е заробена со блокови и се е помал просторот за истражување, за да на 360 цм длабочина има само простор од 70 х 60 цм. Сепак иако е мал просторот за работа во него на длабочина од 330-360 цм. се наоѓаат повеќе наоди: енеолитски керамички фрагмент, потоа повеќе фрагменти од еден сад, керамички пршлен, едно мало садче со доволно фрагменти за лепење и реконструкција, фрагментирана мелница и 70% фрагменти од засебен керамички сад. Сите елементи добија своја кота. На оваа длабочина од 360 цм може да се каже дека е допрена оголена карпа односно дно на пештерата. (Од затечената површина ископот во кв. Б/Б1 и Ц/Ц1 изнесува 2,7 метри.)

Преведени и реализирани се 200.000 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.



## **Меѓународна соработка:**

<u>Реализирани се проектите</u>:

1. **Учество на "10th Joint ECFN and Nomisma.org Meeting and 2nd Bulgarian Numismatic Readings" во Софија, Бугарија**

М-р Сања Битрак, виш кустос за античка нумизматика од 19.06. до 23.06.2023 година зеде учество на научниот собир "10th Joint ECFN and Nomisma.org Meeting and 2nd Bulgarian Numismatic Readings" во Софија со излагање на тема „Macedonian Koinon: Roman Provincial Coins from the Numismatic Collection of the Archaeological Museum of Republic of North Macedonia".

Преведени и реализирани се 12.600 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.

2. **Изложба „105 години Требеништe"**

- Раководител на проектот и стручниот тим: м-р Перо Арџанлиев, кустос советник; членови на стручниот тим: д-р Александра Папазовска, кустос советник, Кристина Бицева, преведувач; Емилија Димковска, овластен конзерватор; Никола Хаџи-Николов, документатор; Татјана Стојоска Видовска, Билјана Балева и Климент Балев, вработени во НУ Завод и Музеј – Охрид.

Изложбата „105 години Требеништe" претставува продолжение на заедничкиот меѓународен проект на НУ Археолошки музеј на РСМ – Скопје, НУ Завод и Музеј – Охрид, Националниот археолошки институт со Музеј при БАН – Софија, Р. Бугарија и Народниот музеј на Србија – Белград, Р. Србија, по првото интегрално претставување на ексклузивните наоди од требенишката некропола во 2019 година во Археолошкиот музеј во Скопје.

Изложбата беше отворена на 9.10.2023 година во изложбениот простор на Националниот археолошки институт со Музеј при БАН – Софија, Р. Бугаријаи во неа се вклучени 246 археолошки предмети од збирките на НУ Завод и Музеј – Охрид. Изложбата ќе трае до 24.03.2024 година.

Преведени се 150.000 ден., реализирани се 142.268 ден. Министерството има детален наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот.






## ИНВЕСТИЦИСКО ОДРЖУВАЊЕ И НАБАВКА НА ОПРЕМА:

Реализирани се:

1. **Замена на постоечката управувачка опрема за осветлување од халоген во ЛЕД** во износ од 206.422,00 ден., за што во Министерството за култура е доставена целата документација.
2. **Замена на неисправни делови и сервис на систем за дистрибуција на топлинска енергија** во износ од 298.175,00 ден., за што во Министерството за култура е доставена целата документација.

## Вонпрограмски активности

**Тековни активности:**

НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија–Скопје во втората половина на 2023 година во најголем дел ги реализираше тековните активности кои произлегуваат од основната дејност која ја извршува музејот (стручно-научна обработка, документирање и фотографирање на музејски предмети и материјал, конзервација на предмети од музејските збирки, подготовка на текстови за публикации). Музејот ги извршуваше и своите обврски согласно Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство како матична установа од областа на археологијата преку учество во комисии за стручна контрола, непосредна заштита, конзерваторски надзор и комисии за прием на извршени работи на конзерваторски проекти за движно културно наследство; учество во комисии за издавање стручни мислења од областа на движното археолошко културно наследство, учество во комисии за ревалоризација на недвижното археолошко културно наследство; укажуваше стручна помош на други сродни институции во областа на археолошката и музејската дејност.

**Реализација на меѓународни договори:**

Во тек е реализација на повеќегодишниот проект „Погранични студии. Истражување на идентитетите и културните контакти на пограничната област на Античка Македонија." со Карловиот универзитет од Прага, Р. Чешка, а како партнери на проектот се јавуваат и НУ Завод и Музеј - Охрид, Германскиот археолошки институт, Чешкиот геолошки институт и Универзитетот на Јужна Бохемија од Чешке Будејовице. Оваа година активностите беа насочени кон археолошко истражување на лок. Градиште кај с. Долно Лакочереј со цел да се добие прецизна слика за стратиграфијата на оваа населба која има исклучителна стратешка позиција. Раководители на проектот се м-р Перо Арџанлиев од Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија и д-р Марек Верчик од Карловиот Универзитет од Прага, Р. Чешка.

Тековно се работи на проектот „Одржливост – одржливоста на земјоделството во неолитот во Европа". Носител на проектот е Институт за археолошки науки во Виена (ИАНВ), Универзитет во Виена, Австрија со договор за заедничко истражување и образовна соработка со НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија –Скопје. Од страна на нашата установа во проектот работат м-р Елена Стојанова Канзурова, кустос советник и м-р Анета Фиданоска, кустос.

Тековно се одржуваа состаноци со претставници на Амбасадата на Јапонија за организирање изложба на традиционални јапонски кукли во март и април 2024 година по повод 30-годишнината од воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Јапонија. Изложбата беше отворена на 1.03.2024 година.

НУ Археолошки музеј на РСМ како координатор аплицираше на повикот на проекти во рамките на програмата Креативна Европа, потпрограма Култура на Европската комисија, заедно со Филозофскиот факултет од Скопје, Филозофскиот факултет од Белград, Р. Србија, Балканолошкиот институт при САНУ – Белград, Р. Србија и Филозофскиот факултет од Софија, Р. Бугарија. Грантот за проектот „ПРОМЕТЕЈ - Промовирање на универзалните вредности преку дигиталната епиграфика и културното наследство“ е одобрен од Европската комисија и ќе се реализира од 1.01.2024 до 31.12.2025 година. Во рамките на проектот е планирано да се одржат неколку работилници за дигитализација на богатото епиграфско наследство од трите земји, да се изработи веб-страница и да се дигитализираат античките натписи со цел тие да станат лесно достапни преку алатка која на различни целни групи на пошироката публика во музеите и на универзитетите ќе им ги раскаже приказните на античкото население на Балканот како составен дел на европското културно наследство.

**Изложба:**

Во организација на НУ Завод и Музеј - Струмица, НУ Завод и Музеј - Штип и НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје од 09.03.2023 до 30.04.2023 година беше поставена изложбата „Праисторијата во Струмичко-радовишкиот регион“. Изложбата обедини археолошки предмети од локалитетите Орниче, с. Костурино; Канли Чаир, с. Дамјан; Страната и Чаушов камен, с. Ангелци; Бојковци и Тополничка Река, с. Дамјан; Голема Трпеза, с. Старо Коњарево; Цареви Кули во Струмица; Чешмеџик во Радовиш; Манастир, с. Габревци; Падарница, с. Водоча; Штучка река, с. Штука; Скоруш чешма, с. Костурино, кои потекнуваат од неолитот, енеолитот, бронзеното и железното време (крајот на VII милениум пр.н.е. до средината на I милениум пр.н.е.). Автор на изложбата е м-р Зоран Рујак, кустос советник во НУ Завод и Музеј – Струмица, коавтор и комесар на изложбата, м-р Елена Стојанова Канзурова, кустос советник.

**Соработка со други сродни институции:**

**Учество во археолошки истражувања:**

Потпишани се Договори за соработка со НУ Конзерваторски центар – Скопје за истражување на археолошките локалитети во Скопје и Скопско за цела 2023 година. Во овој период стручни лица од НУ Археолошки музеј на РСМ учествуваат во заштитните ископувања на некрополите на античкиот град Скупи.

Потпишани се договори за учество на стручни лица од НУ Археолошки музеј на РСМ со НУ Национален конзерваторски центар – Скопје за истражување на археолошкиот локалитет Меѓу Друмје, со ЛУ Музеј – Свети Николе за археолошките истражувања на археолошкиот локалитет Билазора, со Универзитетот Гоце Делчев од Штип за проектот „Палеолитски патеки, сондажни археолошки истражувања на локалитетот Пешка –

Злетово“, со НУ Конзерваторски центар – Гостивар за археолошки истражувања на локалитетите Ѓоновичко Кале и Калаја.

**Популаризација на движното културно наследство:**

18 април, меѓународниот ден на спомениците, беше обележан во Музејот под отворено небо, Неолитското село во Тумба Маџари. Беше одржана работилница со предавање за новите технологии кои се користат во археологијата со ученици од гимназијата „Никола Карев“ во Скопје. На настанот присуствуваше и министерката за култура, Бисера Костадиновска Стојчевска.

Меѓународниот ден на музеите, 18 мај, кој оваа година се одвиваше на темата „Музеи, одржливост и благосостојба”. НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија го обележа со посета и работилница насловена „Јас и музејот, една приказна”, со членови на „Флагелум“, здружение за едукација, еднакви можности, лобирање и застапување на лицата со посебни потреби од Скопје.

Извршено е дигитализирање на сите изданија на „Зборник на Археолошки музеј“ и „Македонски нумизматички гласник“ кои се достапни на веб-страницата на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија.

Како дел од издавачката политика на установата, се работеше на подготовка на „Археолошки преглед“ бр. 1 – електронско издание кое ќе биде прикачено на веб страницата на музејот и ќе содржи кратко извештаи со фотографии од истражувањата кои како програмски и вонпрограмски активности беа спроведени во 2022 година, заради поцелосно информирање на пошироката јавност.

Директор

_________________

д-р Славица Бабамова